СОДРЖИНА


I. ОПШТИ УСЛОВИ ..... 1

II. ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ..... 3

1. Проверки пред поднесување на барање ..... 3
2. Поднесување на барање за директни плаќања ..... 3
3. Повлекување, изменување и дополнување на поднесено барање ..... 5
4. Најчести грешки кои ги прават барателите ..... 5
5. Важни датуми за 2019 година ..... 6

III ВИСИНА НА ПОДДРШКА ..... 7

МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ДОХОДОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА ..... 7

МЕРКИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО (ДРЖАВНА ПОМОШ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО) ..... 22

МЕРКИ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ..... 23

IV КОНТРОЛА НА ТЕРЕН ..... 31

1. Што е контрола на терен? ..... 31
2. Кој ја извршува контролата на самото место? ..... 31
3. Како се контролираат културите по површина? ..... 31
4. Како се контролираат животни? ..... 32
5. Како се врши контрола за Добра Земјоделска Пракса (ДЗП)? ..... 34
6. Како треба да постапите при спроведување на контролата? ..... 34

V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ПО ПОВРШИНА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ..... 35

VI. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА ПО ГРЛО ДОБИТОК ..... 36

VII. ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ..... 38

VIII. ВАЖНО ЗА ОДГЛЕДУВАЧИТЕ НА ДОМАШНИ ЖИВОТНИ ..... 39

1. Обврски на одгледувачите во врска со идентификација и регистрација на животните ..... 39
2. Обврски на одгледувачите во врска со исполнување на обврските од Годишната наредба за здравствена заштита на животните ..... 40

IX. ПРИЛОЗИ ..... 43

ПРИЛОГ 1 ..... 43

ПРИЛОГ 2 ..... 44

# А. ВОВЕД

## I. Општи услови

Право на користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година имаат земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (во понатамошен текст: ЕРЗС) кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во потамошниот текст: Министерство).

Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на катастарските парцели евидентирани во ЕРЗС најдоцна до 15 март 2019 година. Максималната дозволена површина на катастарските парцели за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели (СИЗП) со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство со состојба на 15 март 2019 година. При контролата на самото место утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната парцела евидентирана во СИЗП и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и кои се наведени во барањето.

Спроведување на мерките на директните плаќања во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци, кози и презимени пчелни семејства се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето.

Утврдување на бројна состојба на маторици се врши врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва.

Спроведување на мерка „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток" за домашните животни од автохтони раси во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се вршат врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на одгледувачи, потврдени од Признатa организација на одгледувачи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

Корисникот на средства треба да ги има исполнето и следните услови:

- Барањето да го поднесе во утврден рок,
- Да овозможи вршење на контрола од страна на контролорите на Агенцијата на сите земјоделски површини и сите домашни животни,
- Да достави дополнување на бараната документација во рок кој е утврден од страна на Агенцијата,

- Да ги исполнува барањата пропишани во Листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.
- Да ги почитува обврските кои произлегуваат од Наредбата за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните.

Корисникот на средства треба да ги има подмирено сите финансиски обврски по следните основи:

- обврски кон Агенцијата;
- обврски по основ на закуп за користење на државно земјоделско земјиште;
- обврски по основ на закупнина за користење на државни пасишта;
- обврски по однос на воден надомест;
- обврски по основ на концесија на рибите за стопански и рекреативен риболов;
- обврски по основ на концесија за давање на дивечот во ловиштата на користење;
- обврски по основ на склучени договори за користење на средства од компензациони фондови од странска помош за кои е надлежно министерството и
- обврски по основ на даноци и придонеси за кои е надлежна Управата за јавни приходи.

Користењето и исплатата на средствата се врши откако ќе се спроведе постапка за подмирување на неплатени, а доспеани финансиски обврски на корисникот на средствата од износот на одобрената финансиската поддршка.

## II. Постапка за поднесување на барање за директни плаќања

### 1. Проверки пред поднесување на барање

Пред поднесување на барањето носителот на земјоделското стопанство треба да ги направи следните проверки односно ажурирања во соодветните регистри:

- Проверка на евидентирани лични податоци во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кој се води во подрачните единици на Министерството и
- Проверка на евидентирани податоци во Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни во ветеринарното друштво со кое сточарот има склучено договор.

ВАЖНО!!!

Поднесувањето на барањата за мерките по површина се врши врз основа на податоците во ЕРЗС и СИЗП со состојба на 15 март 2019 година. За упишаните парцели по овој рок нема да се исплаќаат директни плаќања за 2019 година.
Поднесувањето на барањата за говеда, овци и кози се врши врз основа на податоците во Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барање.

### 2. Поднесување на барање за директни плаќања

Единственото барање се поднесува електронски (е-барање) од страна на земјоделското стопанство. За да се поднесе електронско барање (е-барање) потребно е да се извршат следните постапки:

1. **Регистрација на барателот во системот** преку веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk со избор на делот „Директни плаќања е-барање". Со отварање на делот „Директни плаќања е-барање" на корисниците ќе им биде на располагање детално упатство за начинот на регистрација и создавање на барање.
2. **Пристапување во системот** - после успешната регистрација на пријавената е-маил адреса на земјоделското стопанство ќе биде испратен линк преку кој земјоделското стопанство може да пристапи во системот со цел создавање и поднесување на барање за директни плаќања.

ВАЖНО!!!

По успешно пристапување во системот, на барателот ќе му биде достапно електронско упатство со детално опишани постапки за создавање и поднесување на барање

3. **Создавање и поднесување на електронско барање (е-барање)** - при поднесување на електронско барање (е-барање) се користат податоци за земјоделски парцели и животни (говеда, овци и кози) кои се автоматски превземени од соодветните регистри. Барателот ја упишува земјоделската култура за секоја парцела одделно преку создавање на производствен план. Следен чекор е избор на мерки и подмерки за кои се бара финансиска подршка. За мерките по површина барањето се пополнува со податоци за катастарски парцели запишани во ЕРЗС со максимално дозволена големина на површината која е евидентирана во СИЗП и тоа по дефинирано право на сопственост/користење и по тип на употреба на земјоделско земјиште.
   За мерките за говеда, овци и кози барањето се потполнува со податоци за броеви на ушни маркици запишани во Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни.
   Бројот на трансакциската сметка се упишува од страна на барателот (истата не се повлекува по автоматизам) при што системот автоматски врши проверка дали бројот на трансакциската сметка кореспондира со матичниот/даночниот број на барателот. Доколку податоците не кореспондираат, системот ќе даде предупредување и можност за внес на друг број на трансакциска сметка.
   Откако електронското барање (е-барање) ќе се поднесе, истото од страна на барателот треба да се потипше и испечати и да се достави до Агенцијата на следната адреса:

   Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
   Ул. „Трета македонска бригада" бр. 20
   1000 Скопје

ВАЖНО!!!
За уредно поднесено барање се смета барањето кое е создадено по електронски пат, испечатено, потпишано од страна на подносителот и доставено до Агенцијата.
За недоставените барања до Агенцијата нема да се води постапка.
За мерките за кои е утврдена потреба од достава на дополнителни докази, истите се доставуваат во прилог на барањето.

ВАЖНО!!!

Пред потпишување на барањето задолжително да се прочитаат внесените податоци. Да се обрне внимание на сите податоци за земјоделските парцели, бројот на ушните маркици за сите грла добиток и избраната мерка/подмерка.
Процес на обработка се извршува само за евидентираните парцели, броеви на ушни маркици и мерки/подмерки во барањето.
За евентуални грешки на внесените податоци одговорен е барателот.
Барателот е должен да ја чува целата документација за користена финансиска поддршка најмалку пет години.

## 3. Повлекување, изменување и дополнување на поднесено барање

Барањето за директни плаќања во целост или во делови може да биде повлечено, изменето или дополнето по писмен пат од страна на подносителот најдоцна во рок од 30 дена од поднесувањето, освен доколку носителот на земјоделското стопанство е веќе информиран за намерата од изведување на контрола на самото место или за постоење на нерегуларност во барањето.

ВАЖНО!!!
Создавањето и поднесувањето на дополнување на барањето се врши на ист начин како создавањето и поднесувањето на првото барање

Писмена достава за повлекување, изменување и/или дополнување на барањето се доставува до Агенцијата.

## 4. Најчести грешки кои ги прават барателите

Не е потполнет податок за сите мерки за кои има можност да се поднесе барање (најчесто се пропушта да се избере мерката за дополнителни плаќања).

Декларирање на број на садници кој не е во согласност со состојбата на самото место.

Декларирање на земјоделска култура која не е во согласност со состојбата на самото место.

Декларирање на површина со одредена земјоделска култура под утврдениот потребен минимум.

Непочитување на периодот на задолжително чување на: говеда, овци и кози.

Декларирање на број на животни под утврдениот потребен минимум.

Недоставување на известување до Агенцијата за секоја настаната промена во бројот на животните во периодот на задолжително чување.

Доставување на неуредно потполнети документи за набавен семенски материјал (се доставуваат непотполнети сметкопотврди, количината за набавено семе од пченка не е изразено во килограми туку во број на пакувања или број на вреќи).

Доставување на потврди за заклани животни и одгледување на маторици кои не се уредно потполнети и не ги содржат потребните пропишани податоци.

Продажбата на  овошјето и зеленчукот не е извршена во регистриран откупувач согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

Продажбата на  овошјето и зеленчукот не е извршена директно во преработувачки капацитет или преку еден регистриран откупувач, често пати се појавуваат поголем број на посредници.

Пријавената количина на овошје и зеленчук не кореспондира со пријавената производна површина.

Доставување на невалидни податоци за број на трансакциска сметка.

Доставување на неуредно потпишано барање (барањето не е потпишано од барателот или пак не е потпишано на сите предвидени места за потпис).

## 5. Важни датуми за 2019 година

| Рок | Активност |
|---|---|
| До 15 март | Ажурирање на податоци во регистри (ЕРЗС, СИЗП и Регистар на животни) |
| До 31 мај | Поднесување на единствени барања (за сите основни и дополнителни мерки по површина земјоделско земјиште и грло добиток) |
| До 31 мај | Поднесување на барања за помош за заштита на земјоделско земјиште и помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство |
| До 16 мај | Поднесување на барања за произведено и продадено млеко и директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети во период од 1 октомври 2018 до 31 декември 2018 година |
| До 15 јуни | Поднесување на барања за произведено и продадено млеко и директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети во период од 1 јануари 2019 до 31 април 2019 година |

| | |
|---|---|
| До 31 август | Поднесување на барања за помош во премии за осигурување |
| До 15 септември | Поднесување на барања за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година |
| До 31 октомври | Период на задолжително чување на животните |
| До 31 октомври | Поднесување на барање за подмерка 1.2. Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари |
| До 5 ноември | Поднесување на барања за произведено и продадено млеко и директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети во период од 1 мај 2019 до 30 септември 2019 година |
| До 25 декември | Поднесување на барања за продадено овошје и зеленчук во преработувачки капацитети |
| До 25 декември | Поднесување на барања за органско производство (мерки за преработка, трговија, стручна контрола и сертификација, лабораториски анализи) |

## III Висина на поддршка

### Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства

**Табела1.** Висина на поддршка за директни плаќања за растително производство

| Број на подмерка | Назив на подмерката | Утврден минимум површина | Висина на поддршка | Документи кои барателот ги доставува во прилог на барањето |
|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен тутунот | - 0,5 ха минимум засеана површина збирно за сите култури,<br>- 0,25 ха минимум засеана површина збирно за сите култури доколку сите парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700м согласно СИЗП | - 6.000 ден/ха односно 8.400 ден/ха за ЗС со површина од 5 ха до 50 ха за: пченица (со употребени најмалку 150 кг/ха семе), пченка (со употребени најмалку 15 кг/ха семе), рж (со употребени најмалку 180 кг/ха семе), јачмен (со употребени најмалку 150 кг/ха семе), овес (со употребени најмалку 120 кг/ха семе), тритикале (со употребени најмалку 180 кг/ха семе), сирак (со употребени најмалку 10 кг/ха семе), просо (со употребени најмалку 8 кг/ха семе), леќа (со употребени најмалку 80 кг/ха семе), соја (со употребени најмалку 80 кг/ха семе), граор (со употребени најмалку 100 кг/ха семе), еспарзета (со употребени најмалку 30 кг/ха семе), добиточен грашок (со | За поднесено барање за површина со афион потребно е:<br>- Фотокопија од договор за одгледување на афион.<br><br>За поднесено барање за површини со употреба на сертифициран семенски материјал потребно е:<br>- Фискална сметка со пропратен документ за идентификација за припадноста на фискалната сметка (сметкопотврда каде количината е изразена во килограми), испратница, фактура платена во готово) или,<br>- Фактура со испратница за набавен семенски материјал вклучително и доказ за извршената исплата по фактура (уплатница, банков извод од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | употребени најмалку 150 кг/ха семе), наут (со употребени најмалку 80 кг/ха семе), луцерка (со употребени најмалку 20 кг/ха семе), хељда (со употребени најмалку 40 кг/ха семе), хмељ, кикирики, маслодајна репка, шеќерна репка, памук, добиточна репка, анасон, фацелија и лен **со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал** согласно минимално употребената количина на семе по хектар.<br>- 7.000 ден/ха односно 12.000 ден/ха за ЗС со површина од 5 ха до 50 ха за: ориз (со употребени најмалку 170 кг/ха семе) **со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал** согласно минимално употребената количина на семе по хектар.<br>- 8.000 ден/ха односно 11.200 ден/ха за ЗС со површина од 5 ха до 50 ха за: афион **со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал**.<br>- 4.000 ден/ха односно 6.400 ден/ха за ЗС со површина од 5 ха до 50 ха за сончоглед (со употребени најмалку 4,5 кг/ха семе) **со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал** согласно минимално употребената количина на семе по хектар.<br>- 6.000 ден/ха за: пченица, јачмен, пченка, рж, овес, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, маслодајна репка, добиточна репка, шеќерна репка, памук, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок, наут (слануток) и луцерка **без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал.**<br>- 8.000 ден/ха за: сончоглед и афион **без задолжителна употреба на сертифициран** | редовна исплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација).<br><br>Во случај кога сертифициран семенски материјал е од сопствено производство, се доставува:<br>- Фотокопија од сертификат за конечно сертифицирано семе и<br>- Испратница. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **семенски материјал.**<br>- 18.000 ден/ха за: ориз **без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал.**<br><br>Од 0,5 до 20 ха 100%<br>Од 20 до 50 ха 60%<br>Од 50 до 100 ха 30%<br>Над 100 ха 20% | |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари | - Од 5 до 50 ха збирно за засеани и ожнеани површини со сертифициран семенски материјал за следните култури: јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед. | - 5.760 ден/ха за засеана површина со сертифициран семенски материјал од јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед.<br><br>Просечен принос над:<br>4.000 кг/ха за пченица,<br>3.000 кг/ха за јачмен,<br>3.000 кг/ха за рж,<br>3.000 кг/ха за овес,<br>1.500 кг/ха за сончоглед. | Семејно земјоделско стопанство:<br>- Потврда за предадено производство во преработувачки капацитет за жито (јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед) издадена од регистриран преработувач.<br><br>Правно лице:<br>- Потврда за предадено производство во преработувачки капацитет за жито (јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед) издадена од регистриран преработувач. |
| 1.3. | Директни плаќања за произведена и предадена оризова арпа од реколта 2018 година од домашно производство во регистрирани откупувачи | | - 5 ден/кг<br>- Количини кои се произведени и предадени во период од 26 декември 2018 година до 25 април 2019 година и не надминуваат 5,5 тони на хектар. | - Потврда за предадена оризова арпа на регистриран откупувач |
| 1.4. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива | | - 3.000 ден/ха за засеана површина со сертифициран семенски материјал од сончоглед | Семејно земјоделско стопанство:<br>- Фискална сметка со пропратен документ за идентификација за припадноста на фискалната сметка (сметкопотврда каде количината е изразена во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | земјоделска површина со сончоглед | | | килограми), испратница, фактура платена во готово).<br><br>Правно лице:<br>- Фактура со испратница за набавен семенски материјал вклучително и доказ за извршената исплата по фактура (уплатница, банков извод од редовна исплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација).<br><br>Во случај кога сертифициран семенски материјал е од сопствено производство, се доставува:<br>- Фотокопија од сертификат за конечно сертифицирано семе и<br>- Испратница. |
| 1.5. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници | - 0,2 минимум површина збирно за сите култури,<br>- 0,1 ха минимум површина збирно за сите култури доколку сите парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700м согласно СИЗП | - 30.000 ден/ха односно 36.000 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за: домат, краставица, пипер, компир, режано цвеќе, боранија, грашок, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, зелена салата, брокула, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, тиквички, пашканат, аспарагус, ротквици, засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија.<br>- 6.000 ден/ха односно 6.600 ден/ха за ЗС со површина од 1,5 ха до 5 ха за: лубеница, диња и тиква.<br>- 20.000 ден/ха односно 24.000 де/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за: грав и спанаќ.<br><br>Од 0,2 до 10 ха 100%<br>Од 10 до 50 ха 60%<br>Од 50 до 100 ха 30%<br>Над 100 ха 10% | - Не се доставуваат документи. |
| 1.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за производство | Минимални количини:<br>- за оранжерии кои се загреваат: Домати 50.000 кг/ха, | - 99.000 ден/ха | Семејно земјоделско стопанство:<br>- Доказ за продадено производство на домашен пазар од 01.01.2019 до 15.05.2019 година (откупна белешка).<br>Правно лице: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | под контролирани услови на домати, пиперки и краставици | Пиперки 30.000 кг/ха,<br>Краставици 80.000 кг/ха.<br>- за пластеници кои се загреваат:<br>Домати 20.000 кг/ха,<br>Пиперки 15.000 кг/ха,<br>Краставици 32.000 кг/ха | | - Доказ за продадено производство на домашен пазар од 01.01.2019 до 15.05.2019 година (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација, доколку фактурата е платена во готово се доставува фискална сметка и банков извод за извршена уплата на готовина од дневен пазар)) или,<br>- Извозно царинска декларација за остварен извоз од 01.01.2019 до 15.05.2019 година (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)). |
| 1.7. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети | | - 3 ден/кг | - Потврда за предадена количина во преработувачка индустрија за зеленчук издадена од регистриран преработувач. |
| 1.8. | Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади | - 0,2 ха за секој овошен вид одделно,<br>- 0,1 ха за секој овошен вид одделно доколку сите парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700м согласно СИЗП | - 41.000 ден/ха односно 50.000 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за јаболко.<br>- 36.000 ден/ха односно 42.600 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за: слива и праска.<br>- 33.000 ден/ха односно 39.600 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за: круша, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка.<br>- 25.000 ден/ха односно 30.000 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за: дуња, мушмула, актинидија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, | - Не се доставуваат документи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | рибизла, гоџи бери, бадем и лешник.<br>- 15.000 ден/ха односно 18.000 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 5 ха за: ореви и питоми костени.<br><br>Од 0,2 до 5 ха 100%<br>Од 5 до 30 ха 60%<br>Од 30 до 50 ха 30%<br>Над 50 ха 10% | |
| 1.9. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. за овошни култури предадени во преработувачки капацитет | | - 3 ден/кг | - Потврда за предадена количина во преработувачка индустрија за овошје издадена од регистриран преработувач. |
| 1.10. | Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани овошни насади заради промена на сортна структура | | - 9.900 ден/ха реконструиран насад за: јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија и цреша.<br>- 7.500 ден/ха реконструиран насад за: дуња, мушмула, актинидија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, бадем и лешник.<br>- 4.500 ден/ха реконструиран насад за: ореви и питоми костени. | - Изјава од барателот за реконструирани овошни насади заради промена на сортна структура по пат на пресадување.<br>- Доказ за набавени овошни садници |
| 1.11. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади | - Минимален потребен број на садници е 1.389 садници/ха.<br>- 0,2 ха,<br>- 0,1 ха доколку сите парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700м согласно СИЗП | - 40.000 ден/ха односно 48.000 ден/ха за ЗС со површина од 1 ха до 10 ха.<br>Од 0,2 до 5 ха 100%<br>Од 5 до 30 ха 60%<br>Од 30 до до 50 ха 30%<br>Над 50 ха 20% | - Не се доставуваат документи. |
| 1.12. | Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани | | - 12.000 ден/ха реконструиран лозов насад | - Изјава од барателот за реконструирани лозови насади заради промена на сортна структура по пат на пресадување.<br>- Доказ за набавени лозови садници. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лозови насади заради промена на сортна структура | | | - Потврда од Лозовиот катастар за извршена промена на сортата со пресадување. |
| 1.13. | Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2018 година | | - 80 ден/кг 1 класа;<br>- 70 ден/кг 2 класа;<br>- 60 ден/кг 3, 4 и 1, 2 класа од ориенталските дополнителни типови тутун: Прилеп, Јака, Џебел и Басмак; | - Не се доставуваат документи. |
| 1.14. | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури | - Минимална прифатлива сертифицирана количина за житни култури е 2,5 тони по хектар пријавена површина.<br>- Минимална прифатлива сертифицирана количина за сточен грашок е 1 тони по хектар пријавена површина | - 60.000 ден/ха за тутун,<br>- 20.000 ден/ха за прва генерација (Ц1) за останати култури,<br>- 15.000 ден/ха за втора генерација (Ц2) за останати култури. | - Сертификат за произведените количини на семенски материјал.<br>- Финансов документ за извршена продажба на произведен сертифициран семенски материјал (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)). |
| 1.15. | Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал | | - 30 ден/лозов садник од категорија САС (стандарден) саден материјал,<br>- 35 ден/овошен садник од категорија САС (стандарден) саден материјал,<br>- 35 ден/лозов садник од повисока категорија на сертифициран саден материјал,<br>- 40 ден/овошен садник од повисока категорија на сертифициран саден материјал. | - Сертификат за произведените количини на саден материјал.<br>- Финансов документ за извршена продажба на произведен сертифициран домашен лозов калем и овошен саден материјал најдоцна до 30 април 2020 година (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)). |
| 1.16. | Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен | - Минимален производен капацитет од 50.000 млади растенија годишно со | - 2 ден/растение | - Сертификат за произведените количини на саден материјал.<br>- Финансов документ за извршена продажба на произведен сертифициран посадочен материјал за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | материјал за градинарски производи и цветни култури | сертификат за конечно сертифицирање | | градинарски производи во 2019 година (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)). |
| 1.17. | Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови | - Максимален број на млади растенија е 1.230.000 по корисник | - 10 ден/растение | Финансови документи за продадени растенија од родот Орхидеи вид Phalaenopsis:<br>- Извозна фактура,<br>- Царинска декларација,<br>- Доказ за платена фактура (Извод),<br>- Решение за упис во Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети.<br>Финансови документи за набавени растенија од родот Орхидеи вид Phalaenopsis како расплоден материјал:<br>- Увозна фактура,<br>- Царинска декларација,<br>- Испратница SMR,<br>- Доказ за платена фактура Svift i Akreditiv 1450.<br>Решение за упис во Регистар на снабдувачи на саден материјал.<br>Доказ за технолошкиот процес на производство на млади растенија од родот Орхидеи вид Phalaenopsis произведени во ин витро услови со микроразмножување и користење на хранливи агарски подлоги кои имаат желатинска структура во санитарно-исправни услови. |
| 1.18. | Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури | | - 20 ден/кг за предосновен семенски материјал,<br>- 10 ден/кг за основен семенски материјал. | - Сертификат за произведените количини на семенски материјал.<br>- Финансов документ за извршена продажба на произведен предосновен и основен семенски материјал за житни култури во 2019 година (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерки 1.5., 1.8. и 1.11. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади за вкупни површини по стопанство помали од 5 ха | | - 30% од поддршката обезбедена за подмерките 1.5., 1.8. и 1.11. | - Не се доставуваат документи. |
| 1.20. | Директни плаќања за обработлива земјоделска површина со големина од 0,2 до 1 хектар | - Површината во Единствениот регистар на земјоделските стопанства да не надминува 1 хектар и да не се корисници на директни плаќања од подмерките 1.1, 1.5., 1.8. и 1.11.<br>- Минимална обработлива земјоделска површина збирно се сите култури да е 0,2 ха, а максимална површина да изнесува 1 ха. | - 6.000 ден/ха за ЗС со површина од 0,2 ха до 0,5 ха.<br>- 12.000 ден/ха за ЗС со површина од 0,5 ха до 1 ха. | - Не се доставуваат документи. |

**Табела 2.** Висина на поддршка за директни плаќања за сточарско производство

| Број на подмерка | Назив на подмерката | Број на минимум грла | Висина на поддршка | Документи кои барателот ги доставува во прилог на барањето |
|---|---|---|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани грла говеда | | - 2.800 ден/грло односно 3.100 ден/грло за ЗС од 10 до 50 грла.<br>Од 1 до 100 грла 100%,<br>Од 101 до 150 грла 70%,<br>Од 151 до 300 грла 40%,<br>Над 300 грла 20% | - Не се доставуваат документи. |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо | - 30 грла говеда и да не се корисници на директни плаќања од подмерка 2.3. | - 1.500 ден/женско грло на возраст од 12 до 24 месеци на 31.10.2019 година. | - Не се доставуваат документи. |
| 2.3. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко | | - 3,5 ден/литар за кравјо млеко,<br>- 4,5 ден/литар за овчо и козјо млеко. | Семејно земјоделско стопанство:<br>- Откупна белешка за предадено количина кравјо/козјо/овчо млеко во регистриран преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло.<br><br>Правно лице:<br>- Фактура со откупна белешка за предадено кравјо/козјо/овчо млеко во регистриран преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло. |
| 2.4. | Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | | - 1.500 ден/грло | - Потврда за заклани грла говеда. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4. за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | | - 4.000 ден/грло на возраст од 8 до 18 месеци на денот на колење од расите: сименталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, буша и мелези. | - Потврда за заклани грла говеда |
| 2.6. | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О | | - 1.200 ден/добиено теле во период од мај 2018 до април 2019 година,<br>- 2.500 ден/женско теле добиено по пат на примена на полово преддефинирано семе (sex semen) во период од мај 2018 до април 2019 година. | Семејно земјоделско стопанство:<br>- Потврда за извршено В/О на говеда.<br><br>Правно лице:<br>- Потврда за извршено В/О на говеда.<br>- Во случај кога правното лице само извршува В/О се доставува финансов документ за набавено семе (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација). |
| 2.7. | Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории | - 30 грла,<br>- 15 грла доколку сите одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700м или со број на жители помал од 100 | - 1.000 ден/грло односно 1.100 ден/грло за ЗС од 101 до 500 грла. | - Не се доставуваат документи. |
| 2.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7. за задржано женско јагне | | - 700 ден/женско грло на возраст од 6 до 18 месеци на 31.10.2019 година. | - Не се доставуваат документи. |
| 2.9. | Директни плаќања за обележани грла | - 10 грла,<br>- 5 грла доколку сите одгледувалишта | - 1.000 ден/грло односно 1.100 ден/грло за ЗС од 50 до 150 грла. | - Не се доставуваат документи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | кози | се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700м или со број на жители помал од 100 | | |
| 2.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9. за задржано женско јаре | | - 700 ден/женско грло на возраст од 6 до 18 месеци на 31.10.2019 година. | - Не се доставуваат документи. |
| 2.11. | Директни плаќања за женски приплодни грла - маторици | - 2 грла | - 1.000 ден/маторица односно 1.100 ден/маторица за ЗС од 6 до 50 маторици. | - Потврда за бројна состојба на маторици издадена од регистрирана ветеринарна станица. |
| 2.12. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11. за уматичено грло-маторица | - 50 грла | - 20% по уматичено грло од утврдена висина на поддршка во поддмерка 2.11. | - Не се доставуваат документи. |
| 2.13. | Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети | - 5 грла<br>- 2 грла доколку сите одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700м или со број на жители помал од 100 | - 1.000 ден/гоеница со тежина од 90 до 120 кг.<br>- 2.000 ден/гоеница со минимална тежина од 121 кг.<br><br>Од 5 до 5.000 грла 100%,<br>Од 5.001 до 15.000 грла 80%,<br>Над 15.000 грла 40%. | - Потврда за заклани гоеници. |
| 2.14. | Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети | | - 40 ден/пиле | - Потврда за заклана живина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.15. | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети | | - 125 ден/несилка | - Потврда за заклана живина. |
| 2.16. | Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | | - 6 ден/пиле за сопствени потреби,<br>- 10 ден/продадено пиле. | Семејно земјоделско стопанство:<br>- Финансов документ за продадени еднодневни бројлерски пилиња и/или еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација, доколку фактурата е платена во готово се доставува фискална сметка и банков извод за извршена уплата на готовина од дневен пазар)) или фактура со извозно царинска декларација за остварен извоз со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)).<br>- Фотокопија од записник од официјален ветеринар за произведени еднодневни бројлерски пилиња и/или еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди.<br><br>Правно лице:<br>- Финансов документ за продадени еднодневни бројлерски пилиња и/или еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди (фактура со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | компензација)) или извозно царинска декларација за остварен извоз со испратница и доказ за извршената наплата по фактура (банков извод од редовна наплата, изјава за компензација со банков извод од помината компензација)).<br>- Фотокопија од записник од официјален ветеринар за произведени еднодневни бројлерски пилиња и/или еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди. |
| 2.17. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | - 35 пчелни семејства,<br>- 15 пчелни семејства доколку сите одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700м или со број на жители помал од 100 | - 600 ден/пчелно семејство односно 800 ден/пчелно семејство за ЗС од 50 до 100 пчелни семејства. | - Не се доставуваат документи. |
| 2.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.17. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици | | - 1.000 ден/пчелно семејство вклучено во селекција за производство на пчелни матици | - Решение за упис во регистарот за одобрени одгледувалишта на пчелни матици.<br>- Потврда за број на пчелни семејства под контрола издадена од вршителот на јавни услуги на мерки и активности од ЗОПОД (ФЗНХ). |
| 2.19. | Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо и пчелни семејства од бројот за кој е | | - 30% од утврдена висина на поддршка во основните подмерки 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. и се однесува на зголемен број; | - Не се доставуваат документи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година подмерките 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. | | | |

## Мерки за дополнителна поддршка на развојот на земјоделството (државна помош во земјоделството)

Табела 3. Висина на поддршка за државна помош во земјоделството

| Број на мерка | Назив на мерката | Утврдена максимална површина/поддршка | Висина на поддршка | Документи кои барателот ги доставува во прилог на барањето |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Помош во премии и осигурување | - Максимален износ на поддршка од 150.000 денари по земјоделско стопанство. | - 60% од вредноста на премијата за осигурување | - Полиса за осигурување од 1 август 2018 година до 31 јули 2019 година.<br>- Фотокопија од потврда за пријавени производни капацитети во единствениот регистар на земјоделски стопанства. |
| 4 | Помош за заштита на земјоделското земјиште | | - 70% од трошоците за анализа без ДДВ, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство. | - Извештај од извршена агрохемиска анализа.<br>- Финансов документ за извршена агрохемиска анализа.<br>- Доказ за извршена исплата. |
| 5 | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | | - 5% за правно лице регистрирано во ЕРЗС како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејното земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејното земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделските производители и се доделува најмногу за период од пет години од уписот на промената во ЕРЗС,<br>- 10% за категориите на млад земјоделец носител на семејно земјоделско стопанство и се доделува најмногу за период од пет години од уписот на промената во ЕРЗС,<br>- 20% на носител на семејно-земјоделско стопанство кој е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење на земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување. | - Не се доставуваат документи. |

## Мерки за рурален развој

**Табела 4.** Висина на поддршка за земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и за органското производство

| Број на подмерка | Назив на подмерката | Број на подмерки за кои следува дополнителна поддршка | Висина на поддршка | |
|---|---|---|---|---|
| 211 | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | - 1.1., 1.1А, 1.2., 1.4., 1.5., 1.7., 1.8., 1.9., 1.11., 1.19., 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.17. | - 15% од утврдени директни плаќања по површина, грло добиток или единица производ. | - Не се доставуваат документи. |
| 214-1 | Директни плаќања за грла говеда од автохтона раса Буша | - 5 уматичени грла говеда од раса Буша | - 2.000 ден/уматичено грло | - Доказ за уматичени грла говеда од расата Буша.<br>- Доказ дека уматичените грла говеда од расата Буша се запишани во матична книга на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша на денот на поднесување на барањето.<br>- Доказ за бројна состојба на грла говеда од расата Буша согласно податоци од Матична книга на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша, потврдени од Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Добиток (ЗОПОД).<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на говеда од расата Буша дека барателот е член на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша.<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на говеда од расата Буша дека барателот во 2018 година ги спроведувал мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша. |
| 214-2 | Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) | - 50 уматичени грла овци од раса Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) | - 550 ден/уматичено грло | - Доказ за уматичени грла овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска).<br><br>- Доказ дека уматичените грла овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) се запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) на денот на поднесување на барањето.<br><br>- Доказ за бројна состојба на грла овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) согласно податоци од Матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Шарпланинска), потврдени од Признатата организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска), а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) дека барателот е член на Признатата организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска).<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) дека барателот во 2018 година ги спроведувал мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска). |
| 214-3 | Директни плаќања за грла кози од автохтона раса Балканска коза | - 50 уматичени грла кози од расата Балканска коза | - 550 ден/уматичено грло | - Доказ за уматичени грла кози од расата Балканска коза.<br><br>- Доказ дека уматичените грла кози од расата Балканска коза се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | записшани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза на денот на поднесување на барањето.<br><br>- Доказ за бројна состојба на грла кози од расата Балканска коза согласно податоци од Матична книга на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза, потврдени од Признатата организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза дека барателот е член на Признатата организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза.<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза дека барателот во 2018 година ги спроведувал мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 214-4 | Директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец | - 50 грла овци и/или кози.<br>- Максимален број е 7 пријавени кучиња. | - 3.000 ден/куче од раса Шарпланинец кое е на возраст над 6 месеци на 30.09.2019 година. | - Копија од педигре од стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец издадена од Кинолошки Сојуз на Република Северна Македонија.<br><br>- Доказ за извршена идентификација со микрочип на денот на поднесување на барањето. |
| 214-5 | Директни плаќања за грла говеда од раса Бивол | | - 9.000 ден/грло | - Не се доставуваат документи. |
| 214-6 | Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Каракачанска) | - 10 уматичени грла овци од раса Праменка (Каракачанска) | - 5.000 ден/уматичено грло | - Доказ за уматичени грла овци од расата Праменка (Каракачанска).<br><br>- Доказ дека уматичените грла овци од расата Праменка (Каракачанска) се запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска) на денот на поднесување на барањето.<br><br>- Доказ за бројна состојба на грла овци од расата Праменка (Каракачанска) согласно податоци од Матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска), потврдени од Признатата организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска), а заверени од вршител на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).<br><br>- Доказ од Признатa организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска) дека барателот е член на Признатата организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска).<br><br>- Доказ од Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска) дека барателот во 2018 година ги спроведувал мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Каракачанска). |
| 215-1 | Дополнителни плаќања за подмерките од мерка 1 и мерка 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод | За подмерки: 1.1А., 1.4., 1.5., 1.6., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11., 1.12., 1.14., 1.15., 1.16., 1.18., 2.1., 2.4., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15. и 2.17. | - Дополнителна поддршка од **30%** за: 1.4., 1.14., 1.15., 1.16., 1.18.<br>- Дополнителна поддршка од **50%** за: 1.1А, 2.1., 2.4., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15., 2.17.<br><br>- Дополнителна поддршка од **70%** за: 1.8., 1.9., 1.10., 1.11., 1.12.<br><br>За овоштарско и лозарско производство:<br>Од 0,1 до 10ха 100%,<br>Од 10 до 40 ха 60%,<br>Од 40 до 60 ха 30%,<br>Над 60 ха 10%.<br><br>- Дополнителна поддршка од **100%** за: 1.5., 1.6. | - Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.<br><br>- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 215-2 | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | | - 3.500 ден/ха | - Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.<br><br>- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело. |
| 215-3 | Директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | | - 10% од вредноста на произведените и продадените производи со максимален износ до 150.000 денари по оператор | - Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.<br><br>- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело.<br><br>- Финансов документ за продадени производи. |
| 215-4 | Директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | | - 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000 денари по оператор | - Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.<br><br>- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело.<br><br>- Финансов документ за продадени производи на домашен пазар или извозно царинска декларација за остварен извоз. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 215-5 | Директни плаќања за стручна контрола и сертификација | | - 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2019 година | - Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.<br><br>- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело.<br><br>- Фактура и доказ за платена фактура за стручна контрола и сертификација. |
| 215-6 | Директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди и тешки метали на почва и во органски производи во 2019 година | | - 70% од трошоците за анализа без ДДВ, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство | - Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство.<br><br>- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело.<br><br>- Извештај од лабораторија за извршена анализа.<br><br>- Финансов документ за извршена анализа. |

## IV Контрола на терен

### 1. Што е контрола на терен?

На одреден процент од поднесените Барање за директни плаќања се спроведуваат и контроли на терен заради утврдување на усогласеноста на податоците од барањето за директни плаќања со фактичката состојба на самото место како и со пропишаните услови за доделување на директните плаќања.

Исто така на одреден процент од поднесените Барање за директни плаќања се спроведуваат и контроли на терен заради утврдување на исполнувањето на барањата пропишани согласно Правилникот на Листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.43/13).

ВАЖНО!!!

Доколку барателот одбие или оневозможи да се спроведе контролата на самото место, барањето за директни плаќања се одбива.

### 2. Кој ја извршува контролата на самото место?

Контролите на Барањата за директни плаќања ја врши Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој односно контролори овластени од страна на Агенцијата кои се идентификуваат со легитимација, а по потреба и со лична карта и вообичаено се извршуваат без претходна најава.

### 3. Како се контролираат културите по површина?

Контролите за директни плаќања за пријавените култури по површина опфаќаат утврдување на локацијата на земјоделската парцела (СИЗП парцелата), нејзините граници и утврдување на површината за секоја култура посебно наведена во барањето како и утврдување на неприфатливите површини во рамките на СИЗП парцелта. Под неприфатливи површини се подразбираат површини кои не се обработуваат или се со други култури кои не се ненаведени во барањето.

При контролата на самото место утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната СИЗП парцела и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и кои се наведени во барањето. СИЗП парцелите кај кои ќе се утврди дека како подлога имаат катастарски пацели кои не се евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства површините и културите кои ќе се констатираат на истите се сметаат како неприфатливи.

Утврдувањето на површините (лоцирањето и измерувањето) може да се изврши со помош на GPS уред или со помош на GIS-алатките (географски информациски систем) интегрирани во софтверсктото решение за директни плаќања каде ште се интегрирани и сателитски или авионски снимки.

Контролите на самото место се вршат на два начини.
Првиот начин е класична контрола на самото место при што се врши посета на сите СИЗП парцели кои се дел од барањето, во присуство на барателот.
Вториот начин на контрола на самото место е со фотоинтерпретација на сателитски или авионски снимки. За одредени подрачја се прават снимки во тековната година, врз основа на направените снимки се врши фотоинтерпретација и дополнително каде што има потреба се вршат и теренски посети без присуство на барателот при што се изготвуваат фотографии и доколку е потребно мерења со ГПС уред.
При овие контроли барателите не се информираат за контролата, освен барателите кај кои што ќе се констатира разлика во површина кај најмалку една култура, се повикуваат на состанок, им се презентираат резултатите од извршената контрола и притоа добиваат примерок од записникот.
Доколку барателот неможе да се исконтактира на контакт телефонот наведен во барањето во тој случај записникот од извршената контрола со далечинско управување се доставува преку пошта со можност барателите да дадат забелешка на истиот и да закажат состанок со контролорите.

ВАЖНО!!!

За мерките 1.8. и 1.11. Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни и лозови насади, доколку при контрола на самото место се констатира површина од повеќегодишен насад која е неодржувана, непристапна поради затревеност од високи треви и не се применети агротехнички мерки, површината на насадот и бројот на садници не се прифаќаат.

## 4. Како се контролираат животни?

Контролите за директни плаќања за сточарско производство опфаќа контрола на сите животни за кои е поднесено Барање за директни плаќања како и животните од исти вид како животните во барањето. За животните кои според законот за идентификација и регистрација на животните задолжително треба да бидат обележани со средства за идентификација (говеда, овци, кози и куче Шарпланинец) во текот на контролата се проверува дали сите пријавени грла по број на ушна маркица се на земјоделското стопанство и дали се од соодветниот пол, при тоа се контролираат само животните обележани најмалку со една ушна маркица или микрочип и за говедата задолжително да имаат правилно и навремено пополнет

Пасош. При контролата доколку се констатираат и обележани грла кои не се во барањето се попишуваат.

ВАЖНО!!!

За говеда, овци и кози се контролираат животните кои се обележани најмалку со една ушна маркица или микрочип за куче – Шарпланинец.

Доколку при контролата на самото место во однос на сточарско производство се констатираат животни без ушни маркици (паднати, изгубени и сл.) контролорот врши увид и проверка на другите документи за идентификација и регистрација (пасоши, фармска книга итн.), од барателот се бара да приложи и се извршува увид во следниве документи:

- Образец за пријавување на промени и нарачување на средства за идентификација и документи од системот за идентификација и регистрација;
- Нарачка на ушни маркици.

Документите за нарачка на ушни маркици со датум по најавата на контролата не се прифаќаат, додека документите со ист датум или со датум пред датумот на најава на контролата дополнително се проверуваат во ВИС (Ветеринарен Информационен Систем).

При контрола на подмерка 2.17. - Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство, потребно е барателот да приложи, односно да се изврши увид во еден од следниве документи:
- Карта за идентификација на одгледувалиште,
- Регистар на одгледувалиште,
- Образец за спроведување на попис на пчелните семејства во пчеларник.

Доколку при контролата на самото место се констатирани пчелни семејства на две или повеќе локации во две или повеќе различни општини (различни епизоотиолошки единици), пчелните семејства констатирани во другата општина на која не се однесува РБО и за која барателот не приложил Сертификат за здравствена состојба, нема да се прифатат.

За останите видови на животни кои аплицирањето е по број се утврдува само нивниот број присутен на земјоделското стопанство односно неговото одгледувалиште.

ВАЖНО!!!

Контролата на самото место за животни се врши на земјоделското стопанство, односно на неговото одгледувалиште (едно или повеќе) евидентирани во ВИС и доколку животните при контролата не се присутни на евидентираното одгледувалиште во ВИС, животните нема да се прифатат.

## 5. Како се врши контрола за Добра Земјоделска Пракса (ДЗП)?

Контролата на терен за исполнување на условите за Добра Земјоделска Пракса кај земјоделските стопанства кои се одбрани за ваков тип на контрола се врши истовремено со класичната контрола за површини или животни. При контролата за исполнување на условите за ДЗП се контролираат условите кои во моментот на контролата се применливи за контролираното земјоделско стопанство. ДЗП условите мора да бидат исполнети на сите земјоделски површини, во текот на целата година.

## 6. Како треба да постапите при спроведување на контролата?

Барателот е должен да на лицето овластено за контрола му овозможи услови за спроведување на контролата и пристап до сите пријавени површини, животни, објекти во кои се врши земјоделска дејност, да дозволи увид во потребната документзација за земјоделското стопанство, фотографирање или снимање на животните, површините, механизација, објекти на земјоделското стопанство. Исто така е должен да му пружи соодветна помош на контролорот за вршење на контролата доколку истата му е потребна.

При контролата на терен земјоделското стопанство може да го застапува само носителот на земјоделското стопанство. Во случај да не е во можност да присуствува на контролата тогаш контролата може да се спроведе во присуство на овластено лице кое ќе приложи полномошно (во прилог на упатството) заверено на нотар. Во интерес на барателот е да контролата на терен се изврши во закажаното време.

По секоја контрола на самото место се составува записник и истиот барателот го потпишува со што ја потврдува својата присутност и ги дополнува своите забелешки доколку ги има. По извршената контрола на самото место на носителот на земјоделското стопанство, односно на овластениот претставник, му се дава копија од записникот.

## V. Пресметување на директни плаќања по површина земјоделско земјиште

Директните плаќања по површина земјоделско земјиште се пресметуваат на користени површини земјоделско земјиште кои земјоделското стопанство ги пријавува во барањето за директни плаќања, согласно пропишаните услови и барања и не ги надминуваат површините утврдени со административни контроли или контроли на самото место.

Доколку при контролата на самото место се утврди дека големината на површината на земјоделското земјиште е:

- Поголема од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на големината на површината наведена во барањето;
- Помала до 5% од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на површината утврдена при контролата намалена за износот од утврдената разлика;
- Помала помеѓу 5% - 30%, или за два хектари од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на површината утврдена при контролата намалена за износот на утврдената разлика зголемен за два пати и
- Помала од 30% - 50% од големината на површината наведена во барањето за директни плаќања, земјоделското стопанство целосно се исклучува од користење на директни плаќања за дадената година.

По примена на опишаните намалувања, доколку се утврди разлика помеѓу количината на набавено сертифицирано семе согласно барањето за директни плаќања и вистински употребеното сертифицирано семе:

- Помеѓу 2% и 5%, износот на директните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал, се намалува за 50% и
- Над 5%, износот на директните плаќања за користење на сертифициран семенски материјал не се исплаќа.

Доколку е поднесено барање за директни плаќања за користење или производство на семенски или саден материјал кој не е вистински употребен, произведен, или официјално сертифициран, земјоделското стопанство се исклучува од директните плаќања за семенски или саден материјал, како и од директните плаќања по површина во годината на поднесување на барањето и во следната година.

## VI. Пресметување на директни плаќања по грло добиток

Директните плаќања по грло добиток се пресметуваат за број на животни кој не може да биде поголем од бројот наведен во барањето за директни плаќања согласно пропишаните услови и барања и не го надминува бројот утврден со административна или контрола на самото место.

Директните плаќања по грло добиток се исплаќаат само на земјоделско стопанство кое го задржува истиот број на грла за кои има поднесено барање во периодот на задолжително чување на животните.

Земјоделското стопанство го задржува правото на директни плаќања на бројот на животни за кои поднел барање доколку во текот на периодот на задолжително чување на животните изврши замена на животните без намалување на нивниот број.

Замената треба да се изврши во период од 20 дена од настанот поради кој е неопходно да се изврши замена на животните и истите се внесуваат во Систем за идентификација и регистрација на животни не подоцна од три дена од денот на замената.

Земјоделското стопанство ја информира Агенцијата за замената на животните во рок од 10 дена од извршената замена.

Доколку земјоделското стопанство не ги исполни барањата за задолжителниот период на чување на животните како резултат на виша сила или исклучителни случаи, земјоделското стопанство има право на директни плаќања за бројот на животни во времето на случувањето на вишата сила или исклучителниот случај.

Доколку при контрола на самото место се утврди дека бројот на грла, односно број на пчелни семејства е:

- Поголем од бројот од барањето за директни плаќања, висината на директните плаќања се пресметува врз основа на бројот на грла, односно пчелни семејства наведени во барањето;
- Помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања за најмногу до 10% разлика, висината на директните плаќања која треба да ја добие земјоделското стопанство се намалува за процентот на нерегуларност;
- Помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања од 10-20%, висината на директните плаќања се намалува за процентот на нерегуларност зголемен за два пати; и
- Помал од бројот на грла, односно пчелни семејства во барањето за директни плаќања од 20% - 50%, земјоделското стопанство целосно се исклучува од користење на директни плаќања за дадената година.

Процентот на нерегуларност се пресметува како однос помеѓу бројот на откриени нерегуларни грла и вкупниот број на грла утврден со контролите.

Намалувањето и исклучувањето на директните плаќања нема да се примени во случаи кога како резултат на природни влијанија потврдени од официјалната ветеринарна служба како што се: смрт на животното или последици од болест и смрт на животното како резултат на несреќен случај за кој не е одговорен носителот на земјоделското стопанство и истиот не е во

состојба да ги исполни барањата за задолжителниот период на чување на животните. Ова се применува само доколку земјоделското стопанство писмено ја извести Агенцијата за намалување на бројот на животните најдоцна во рок од десет дена од денот на намалувањето.

## VII. Исплата на средства

Исплатата на средства се врши на трансакциски сметки на барателите откако ќе се утврди дека барателот ги исполнува условите утврдени во програмата.

## VIII. Важно за одгледувачите на домашни животни

### 1. Обврски на одгледувачите во врска со идентификација и регистрација на животните

Одговорноста за идентификација на животните (говеда, овци/кози, свињи и пчели) е на одгледувачот на животните. Секој одгледувач има должност да склучи договор со овластено ветеринарно друштво распределено за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животни или со друго овластено ветеринарно друштво по негов избор.

Секој одгледувач мора да го има регистрирано своето одгледувалиште. Регистрацијата се врши со достава на „Барање за регистрација на одгледувалиште" до ветеринарното друштво (во прилог).

Одгледувачот на животни е должен да ги идентификува животните (говеда, овци/кози и свињи) согласно Законот за идентификација и регистрација на животните и тоа:

- Да го пријави раѓањето на новородените телиња во рок од 7 дена од раѓањето до ветеринарното друштво по што телето во рок од 20 дена од денот на раѓање треба да биде идентификувано со две ушни маркици и регистрирано во електронската база на податоци.;
- Овците/козите треба да се идентификуваат со две ушни маркици во рок од 6 месеци во интензивниот начин на одгледување, односно 9 месеци при екстензивно одгледување на животни, но во секој случај пред животните да го напуштат одгледувалиштето;
- Свињите треба да се идентификуваат со една ушна маркица пред животните да го напуштат одгледувалиштето на раѓање; и

По регистрацијата секоја промена на податоците во однос на одгледувалиштето и одгледувачот треба да биде пријавена до Агенцијата преку ветеринарното друштво во рок од 25 дена.

Горе наведените промени на одгледувалиште се пријавуваат до ветеринарното друштво со пополнување на „Образец за пријавување на промени и нарачување на средства за идентификација и документи од системот за идентификација и регистрација" (кој може да се подигне од секое ветеринарно друштво-во прилог) со кој се пријавуваат и сите останати промени на одгледувалиштето вклучително со нарачки на потребата за идентификација на животни, дупликати на ушни маркици и други материјали.

Одгледувачот е исто така должен да го пријави движењето на сите животни (пристигнување и заминување) од своето одгледувалиште во рок од 7 дена. Пријвавата се врши со една од копиите од Сертификатот за здравствена состојба на животните кој го издава ветеринарното друштво (во прилог). Говедата при движењето треба да бидат пропратени покрај со Сертификатот за здравствена состојба и со уредно пополнет и валиден пасош за говеда.

Секој одгледувач треба тековно и уредно да води регистар на одгледувалиште посебно за секој вид животни и да изврши попис на животните во одгледувалиштето (за овци/кози, свињи и пчели) и да ги достави податоците од извршениот попис до ветеринарното друштво со кое има склучено договор и тоа за видовите животни:

- Овци/кози еднаш годишно согласно Правилникот за идентификација и регистрација на овци и кози;
- Свињи еднаш годишно согласно Правилникот за идентификација и регистрација на свињи (први Февруари); и
- Пчели еднаш годишно согласно Правилникот за идентификација и регистрација на пчели (први Април).

**ВАЖНО!!!**
Доколку одгледувачот при поднесување на барање за добивање на финаниска поддршка во Подрачните единици на МЗШВ или при упис во ЕРЗС се соочува на некоја несообразност во врска со податоците од Системот за идентификација и регистрација на животни треба веднаш да се обрати до овластеното ветеринарно друштво со кое има склучено договор за да се исправи настанатата грешка.

## 2. Обврски на одгледувачите во врска со исполнување на обврските од Годишната наредба за здравствена заштита на животните

### Бруцелоза и Туберкулоза кај говедата

Согласно Годишна наредба за здравствена заштита на животните и Програмите за сузбивање и искоренување на Бруцелозата и Туберкулозата кај говедата задолжително се спроведуваат годишни дијагностички испитувања за бруцелоза и туберкулоза на сите говеда на територијата на Република Северна Македонија.

Редовните дијагностички испитување за Бруцелоза кај говедата се извршуваат на сите говеда постари од 6 месеци, а за Туберкулоза кај говедата се спроведуваат на сите говеда постари од 6 недели.

Мерките и активностите предвидени во годишната наредба ги спроведуваат овластените ветеринарните друштва (извршители), а ги контролираат надлежните официјални ветеринари.

### Антракс

Во сите дистикти на Антракс се врши превентивна вакцинација на говеда, овците и козите против Антраксот најдоцна до 31 мај, согласно упатството на производителот на вакцината.

Ново внесените животни по овој рок како и подмладокот што ќе се принови подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат условите пропишани од производителот на вакцината.

### Класична чума кај свињите

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните превентивна вакцинација против Класична чума кај свињите задолжително се врши на целата територија на Република Северна Македонија. Вакцинацијата на свињи се врши во текот на целата година, според упатството на производителот на вакцината. Возрасните грла се вакцинираат еднократно, додека прасињата се вакцинираат двократно. Во промет се пуштаат само имуни свињи односно свињи кои се вакцинирани најмалку седум дена пред пуштање во промет. Доколку не постои доказ дека свињите се вакцинирани, задолжително ќе се изврши вакцинација.

### Бруцелоза кај овците и козите

Согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овци и кози ("Службен весник на РМ" 46/2010 и 108/2014) во зависност од статусот односно присуството на болеста територијата на државата е поделена на одреден број реони, т.е. епидемиолошки единици во кои се имплементираат мерки на вакцинација на подмладокот или тестирање и колење на возрасните животни.

Комбинација на вакцинација и тестирање и колење; Се врши тестирање и колење на возрасните животни и вакцинација на подмладок наменети за одгледување со старост од три до шест месеци со Rev 1 вакцина аплицирана коњуктивално. Јагнињата и јарињата со старост помала од три месеци треба задолжително да се вакцинираат кога достигнат возраст од три - шест месеци.

Задолжително тестирање на сите животни постари од шест месеци.

### Американската чума на пчелиното легло

Одгледувачите на пчели задолжително треба да го пријават секој сомнеж на присуство на Американска чума по пчелно легло до ветеринарното друштво со кое има склучено договор или на надлежниот официјален ветеринар

### Ентеротоксемија кај овците

За подобрување на епизоотиолошката состојба со болеста ентеротоксемија и намалување на морталитетот кај овците и јагнињата во 2019 година ќе се врши вакцинација на сите овци и кози против Ентероксемија кај овците. Вакцинацијата ќе ја спроведуваат ветеринарните друштава кои имаат склучено договор со одгледувачите на овци и кози за што ќе издадат потврда чија форма и содржина се дадени во Годишната Наредба за здравствена заштита на

животните. Трошоците за вакцинација во целост се на товар на одгледувачот на овците и козите.

Согласно Законот за ветеринарно здравство останува обврската за пријавување и ставање во изолација на животните доколку постои појава на жариште на болест која задолжително се пријавува, или постојат знаци кои упатуваат на сомневање за појава на ваква болест, заболеното односно сомнително животно треба да биде изолирано и веднаш да биде известена Агенцијата директно или преку ветеринарните амбуланти, клиники или болници за вршење на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните.

ВАЖНО!!!
Во случај кога сопственикот на животните одбие спроведување на некои од наредените мерки ветеринарното друштво (извршителот) задолжително треба да го извести официјалниот ветеринар за секој случај поединечно. Официјалниот ветеринар спроведува контрола на одгледувалиштето и издава решение за спроведување на наредени мерки во определен рок. Решението за спроведување на наредените мерки се доставува до одгледувачот и ветеринарното друштво. Доколку не се исполнети одредбите од издаденото решение официјалниот ветеринар поведува соодветна прекршочна постапка и ја известува Агенцијата за храна и ветеринарство дека одгледувачот не постапил по издаденото решение. Агенцијата за храна и ветеринарство за тоа ќе ја извести Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

# IX. ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови.

**За подмерка 1.8.**

| Ред. Број | Овошен вид | Прифатливиот број на садници по хектар е над |
|---|---|---|
| 1. | јаболка | 400 |
| 2. | круши | 330 |
| 3. | дуњи | 500 |
| 4. | мушмула | 550 |
| 5. | слива | 330 |
| 6. | праски | 330 |
| 7. | кајсија | 400 |
| 8. | цреши | 240 |
| 9. | вишна | 500 |
| 10. | орев | 70 |
| 11. | бадем | 330 |
| 12. | лешник | 270 |
| 13. | питом костен | 200 |
| 14. | актинидија (киви) | 550 |
| 15. | маслинка | 330 |
| 16. | калинка | 620 |
| 17. | јапонско јаболко | 330 |
| 18. | смоква | 500 |
| 19. | аронија | 1400 |
| 20. | боровинка | 2200 |
| 21. | шип | 1660 |
| 22. | рибизла | 3330 |
| 23. | малина | 8000 |
| 24. | капина | 1250 |
| 25. | јагода | 31000 |
| 26. | гоџи бери | 2500 |

## ПРИЛОГ 2

### ПРОМЕНИ НА ПАРЦЕЛИТЕ РЕГИСТРИРАНИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈИШНИ ПАРЦЕЛИ – СИЗП

Секоја парцела која земјоделското стопанство (ЗС) ја обработува и за истата аплицира по некоја од мерките од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, треба да ја регистрира во Системот за идентификација на земјишни парцели – СИЗП во просториите на Подрачните единици на МЗШВ каде што е регистрирано земјоделското стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Доколку од последното пријавување на парцелите од страна на ЗС, настаната е одредена промена од типот: промена на површината на парцелата, употребата на земјиштето, корисникот на парцелата, границите на парцелата и сл., земјоделското стопанство истите треба да ги пријави најдоцна во рок од 15 дена од настанувањето на промената.

Земјоделското стопанство потребно е пред да аплицира по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, исто така треба да направи увид (проверка) на веќе регистрираните (исцртаните) парцели во СИЗП и доколку е потребно за истите да пријави промени или доколку се воочат грешки направени при последното исцртување истите да се корегираат.

Согласно методологијата на исцртување на парцелите во СИЗП, истите треба да претставуваат непрекината површина на земјоделско земјиште пријавена дека се користи (обработува) од страна на еден носител на земјоделско стопанство. Со оглед на строгите правила на исцртување на обработлива парцела во СИЗП, земјоделските стопанства треба да ги пријавуваат парцелите кои ги обработуваат исклучиво според границата на парцелата по која реално обработуваат на терен без разлика дали истата е во согласност со состојбата која е прикажана на катастарските планови.

Погрешно е земјоделското стопанство да инсистира да се исцрта парцелата според границите кои се наоѓаат на катастарските планови доколку истата на терен се обработува поинаку.

ПРЕБАРУВАЊЕ НА ПАРЦЕЛИ ПРЕКУ СИЗП ПРЕГЛЕДНИКОТ




Слика 1

Секое земјоделско стопанство кое веќе ги има регистрирано своите парцели во Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП), може да ги провери своите парцели и преку СИЗП Прегледникот (прикажано со стрелка на слика 1) кој се наоѓа на интернет страницата www.sizp.gov.mk.

По отворањето на СИЗП Прегледникот (http://www.sizp.gov.mk/SIZP-Web/SIZPWeb.html) се прикажува прозорец преку кој може да пребаруваат претходно регистрираните парцели во СИЗП (слика 2).




Слика 2

Пребарувањето на парцелите може многу лесно да го направи со одбирање на линкот ПРЕБАРУВАЊЕ (чекор 1). Понатаму со притискање на полето “Пребарување на слој СИЗП“ (чекор 2) се прикажува формата каде што се внесува Единствениот идентификациски број - ИДБР (чекор 3), кое секое земјоделското стопанство го добива при запишувањето во Единствениот регистар за земјоделски стопанства (ЕРЗС). На крај се одбира опцијата “Пребарај“ (чекор 4).




Слика 3

Во РЕЗУЛТАТИ (сл. 4) на СИЗП пребарувачот можат да се видат одредени податоци за внесените СИЗП парцели на земјоделското стопанство (ИД-број на парцелата, користено земјиште, домашно име и површина во хектари).




Слика 4

Со кликнување на ИД бројот на парцелата (чекор 1, Сл. 4) ја пронаоѓаме одбраната СИЗП парцела.

Во прегледникот може да се види и легендата за користеното земјиште (Сл. 5).




Слика 5

За повеќе информации како и помош околу користењето на овој СИЗП прегледник може да се обратите во подрачните канцеларии на МЗШВ или Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.